**Минуваме на точка 12 - Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2014 година - второ читање.**

Предлогот на завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2014, извештајот на Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело ви се доставени.

Отворам општ претрес.

Ги повикувам предлагачите и пратениците кои сакаат да говорат по општиот претрес по предлогот на завршната сметка да се пријават за збор.

Молам да се подели листинг на пријавени пратеници за збор.

За збор се јави и има збор министерот за финансии, повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам.

Почитуван претседател на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници,

Буџетот за 2014 година се реализираше во рамките на планираните параметри и на приходна и на расходна страна. Истиот овозможи остварување на основните цели на фискалната политика од една страна, да се подржи приватниот сектор и растот на економијата, но од друга страна таа поддршка да не предизвика нарушување на фискалната стабилност изразена преку одржување на умерено ниво на буџетски дефицит и одржливо ниво на јавниот долг. Во таа функција и беше реализацијата на сета расходна страна на Буџетот каде што редовно се измируваа сите буџетски потреби и сите обврски и во исто време се реализираат капиталните проекти што овозможија поддршка на приватниот сектор.

Како резултат на таквата реализација на Буџетот Република Македонија во 2014 година оствари добар економски резултат со пораст на економската активност на БДП од 3,8% што претставува второ најдобро остварување во земјите од Европската унија, Ирска имаше повисок раст од Република Македонија, Македонија имаше втор раст во Европа и секако тој раст е генериран со поддршка на Буџетот односно капиталните инвестиции во Буџетот кој што овозможија да вкупното ниво на инвестиции во 2014 година забележи раст од 13,5%. Тоа секако даде поддршка за растот на градежништвото преку реализација на бројни инфраструктурни проекти преку инвестициите во патишта, во пруги, во водоводи и канализации, во спортски и други објекти и на тој начин Буџетот со капиталниот дел, со развојниот дел да овозможи да дојде до предвидениот раст на економијата.

Од друга страна вториот генератор на економскиот раст беа извозот и растот на извозот кој што оствари 17% раст каде што во суштина добрата бизнис клима и одржувањето на добрите услови за бизнис овозможи реализација на голем број на странски инвестиции, но и добри извозни резултати на традиционалните домашни сектори.

Се на се, тоа овозможи да Република Македонија ја заврши 2014 година согласно планираниот раст на економијата, од друга страна тоа да се трансферира, да се одрази позитивно и врз пазарот на работна сила односно стапката на невработеност. Невработеноста на крајот на 2014 година се сведе на 27,6% што е 1 процентен поен помалку отколку 2013 година.

Како што кажав најголем дел од отворените работни места беа генерирани прво преку работењето на новите странски компании во Република Македонија и второ преку реализацијата на активните политики и проекти кои што се реализираат преку Агенцијата за вработување каде што беше овозможено исто така голем број на граѓани да дојдат до работно место.

Инфлацијата се движеше под предвидените, проектираните големини, значи ја завршивме 2014 година со просечна стапка на инфлацијата која што е негативна од минус 0,3% што пред се се должи на екстерните фактори каде што цените на нафтата и нафтените деривати беа доста ниски и на светските берзи остварија движења кои што беа пониски од предвидените.

Дефицитот на тековната сметка во 2014 година достигна 1,3% од БДП и е резултат на намалениот трговски дефицит и зголемениот прилив на трансфери од странство.

Странските инвестиции достигнаа 262 милиони евра што е за 10 милиони евра односно за 4% повисоко од 2013 година. Како процент од БДП странските инвестиции во 2014 година достигнаа 3,1% што е од прилика на ниво на 2013 година.

Ја завршивме 2014 година со бруто девизни резерви кои што достигнаа 2.432.000.000 евра при што би сакал да потенцирам дека дел од ова е и ефект на еврообврзницата што се издаде во 2014 година.

Како што кажав фискалната политика е еден од основните инструменти на економската политика и во тие рамки во 2014 година продолживме со реализацијата на зацртаните цели, а со тоа е да фискалната политика на краток и среден рок се искористи како политика што ќе даде стимул за развој на домашната економија во услови кога европската економија сеуште се движеше во зоната на стагнација или низок раст, а од друга страна бидејќи сме мала и отворена економија и бидејќи имаме релативност во однос на останатите земји мал БДП, мора да се внимава и на задржување на нивото на буџетски дефицит на умерено ниво и на влијанието на тој буџетски дефицит врз долгот и долгот да се одржи на ниско до умерено ниво. Со реализација на Буџетот и на приходна и расходна страна во 2014 година ги оствaривме овие цели. Приходната страна на Буџетот се оствари со 145.929.000.000 денари, а расходната со 168.062.000.000 денари. Реализацијата на приходите беше од 94% од планираното, што е некаде на ниво на просек за изминатите години, а на расходната страна 96% што исто така соодветствува на просечните остварувања во претходниот период.

Во рамки на вкупните приходи, се разбира пред се во рамките на остварените даночни приходи, приходите од ДДВ, од данокот на додадена вредност учествуваа со 51,5%, акцизите со 20,4%, додека по основ на царини и царински давачки согласно динамиката на намалување на царинските стапки од година во година Република Македонија заради процесот на усогласување со европските ниво на царински стапки прибира помалку приходи.

Неданочните приходи се остварија во висина од 10.634.000.000 денари при што главно доминираат приходите по основ на административни и судски такси, концесии и други неданочни приходи што буџетските корисници ги остваруваат на сопствените сметки.

Капиталните приходи се остварија во износ од 1.874.000.000 денари од што половина од средствата е дивидендата од Телеком - 963 милиони денари, а остатокот, втората половина се продажбата на државно гарадежно земјиште и државни односно општествени станови.

По основ на билатерална и мултилатерална соработка за финансирање на конкретни проекти во 2014 година реализиравме донации од 4.111.000.000 денари.

Како што кажав на расходната страна реализацијата на расходите овозможи редовно извршување на буџетските обврски кон сите буџетски корисници. Во структурата на тековните расходи највисоко е учеството на трансферите кои што ги опфаќаат трансферите до единиците на локалната самоуправа, социјалните трансфери и субвенциите на земјоделието на кој отпаѓа на вкупно на овие три категории 71% од тековните расходи, 15,3% од тековните расходи се наменети за плати, 10,3% за стоки и услуги и 3,4% за каматните плаќања.

Со исплатата на пензиите во март што се однесуваат на февруари и на социјалната помош исплатена за март месец 2014 година се реализираше политиката на зголемување на пензиите и социјалните надоместоци за 5% односно мерката на Владата на Република Македонија која што беше предвидена со Буџетот за 2014 година во насока на заштита на стандардот на најповредливите категории на граѓани, односно примателите на социјална помош и пензионерите. На тој начин 296.215 пензионери добија зголемена пензија која што до крајот на годината достигна во просек 12.487 денари што е за 5,4% повеќе во однос на 2013 година.

Согласно програмата за финансиска поддршка на земјоделството и финансиска поддршка на руралниот развој се исплаќаа субвенциите во земјоделството за поддршка на речиси сите видови на производство, поддршка на инвестициите во инфраструктурата во руралните подрачја и слично.

Капиталните расходи се реализираа со 17.623.000.000 денари во 2014 година што е за 6% повисоко од реализацијата во 2013 година. Тие опфатија голем број на приоритетни крупни инфраструктурни проекти и голем број на помали проекти, меѓутоа сите се значајни како што кажав и од аспект на економскиот раст и од аспект на подобрување на условите за живот на граѓаните на Република Македонија. Јас би сакал да набројам кои се најважните, приоритетните проекти кои што се реализираа, чија што реализација дефакто продолжи во 2014 година, а беше започната и во претходните години.

Проектот за изградба на Коридорот 10 на делницата од Демир Капија до Смоквица кој што е финансиран со средства од ЕБОР, ЕИБ и ИПА фондови како и буџетски средства за кои што вкупно во 2014 година се потрошија 2 милијарди и 292 милиони денари.

За реконструкција и доизградба на железничката инфраструктура 529 милиони денари.

Вложување во енергетска област и комунална инфраструктура за водоводи и канализации кои што ги финансираме со кредитните линии од ЕИБ и КФВ банката, но и со сопствени извори на средства вкупно беа потрошени 2 милијарди и 260 милиони денари.

За уредување и изградба на технолошко индустриските развојни зони, слободните економски зони 267 милиони денари.

За инвестиции во здравствениот сектор односно изградба, реновирање и реконструција на јавните здравствени установи, набавка на медицинска опрема, амбулантни возила и други проекти во здравството во 2014 година се наменија 1 милијарда и 228 милиони денари.

Инвестициите во областа на образованието, спортот и детската заштита, изградбата на училишта, спортски сали, игралишта, детски градинки и сл. вкупниот износ е милијарда 491 милиони денари кој е потрошен во 2014 година.

Инвестициите во областа на земјоделието и руралниот развој 957 милиони денари и,

Инвестициите во областа на правда, правосудство, обвинителство, казнено поправни домови и сл. 213 милиони денари.

Реализацијата на буџетските приходи и буџетските расходи резултираше во соодветно ниво на буџетски дефицит кој што се финансираше преку домашни и надворешни извори на финансирање. Како резлутат на одржувањето на фискалната и макроекономската стабилност успешно беше издадена нова еврообврзница која што во комбинација со домашните хартии до вредност се овозможи да се затворат финансиските потреби на државата за 2014 година и да се пренесе соодветен износ на средства во 2005 година кои што се користат за подмирување на обврските што доспеваат во првата половина на 2015 година. Како резултат на умереното задолжување и умереното ниво на буџетски дефицит Република Македонија остана во зоната на ниска до умерено ниво на задолженост со вкупен државен долг од 38, 2% на крајот на 2014 година при што повторно сме со соодветно ниво на долг кој што не ги загрозува проекциите за макроеконмска стабилност и за одржливост на нивото на долгот имајќи предвид дека дополнително со исплатите што ги извршивме во 2015 година и предвремената отплата на долгот кон Меѓународниот монетарен фонд и исплата на други обврски ова ниво на задолженост дополнително се намали во текот на првите неколку месеци од 2015 година.

Меѓународните рејтинг агенции ја подржаа фискалната и монетарната и макроеномската стабилност на Република Македонија и ја потврдија истата преку потврда на кредитниот рејтинг на Република Македонија кој што во сиот овој период на незапамтена европска и светска финансиска и економска криза се одржа рејтингот на Република Македонија на непроменето ниво што секако е потврда за здравите економски политики и за стабилноста на економијата во Република Македонија.

Врз основа на овие параметри и врз основа на реализацијата на буџетот согласно планираната динамика и приходна и на расходна страна очекувам Собранието на Република Македонија да даде подршка за Предлог завршната сметка за буџетот за 2014 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Крсто Мукоски, повелете.

**Крсто Мукоски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитувани министер за финансии,

Денес на дневен ред ја имаме завршната сметка за 2014 година, исклучително важен документ кој што е неспорливо поврзан со Буџетот за тековната година и како документ ја изразува имплементацијата на фискалните политики на Владата на Република Македонија односно на буџетските корисници, реализацијата на јавните финансии на буџетските корисници и јасно и недвосмислено го одразува движењето на приходната и расходната страна кои што биле планирани со донесувањето на буџетот за тековната година, а преку завршната сметка гледаме како тие две и приходната и расходната страна се движеле во текот на годината, односно преку завршната сметка кажано народно може да увидиме дали Владата се однесувала домаќински и дали средствата кои биле предвидени во буџетот се искористени наменски и во интерес и во корист на граѓаните на Република Македонија. Но да тргнеме по ред.

Ако разгледаме преку завршната сметка приходната и расходната страна доаѓаме до констатација дека и во делот на проектираните приходи и во делот на проектираните расходи во буџетот на Република Македонија за тековната година се движеле во рамките на проектираните вредности. Генерално во приходната страна повторно највисокиот износ или коефициент го имаат даночните приходи. Тука имаме многу, да речам мали отстапувања, меѓутоа генерално земено како даночни приходи на крајот ја остваруваат целта односно проектираната вредност. Имаме мало отстапување во приходниот Данокот на додадена вредност, меѓутоа имаме покачување во делот на персоналниот данок при прибирањето и интересно е што имаме во покачување на вредноста на социјалните придонеси што покажуваат една друга работа дека бројот на вработени лица се зголемил во Република Македонија што е исклучително позитивна страна.

Во делот на расходната страна имаме благо намалување на расходите и имаме еден интересен факт или момент дека се намалува вредноста на тековните расходи за сметка за зголемување на вредноста на капиталните расходи кои што по дифолт даваат дополнителна додадена вредност, се разбира преку изградба на капитални проекти, во делот на инфраструктурата, во делот на образование, на здравство итн.

Во 2014 година останавме на проектираниот раст на бруто домашниот производ  и имаме раст од 3,8%, онака како што испроектиравме и треба да се забележи дека во последните неколку години имаме постојан раст на бруто домашниот производ особено во услови кога во Европа и во светски рамки сеуште се чувствуваат последиците од светската економска криза и од европската должничка криза и онака како што истакна и министерот за финансии имавме еден од двата најголеми раста на бруто домашниот производ во Европа. Растот на бруто домашниот производ се должи пред се на зголемниот извоз, се должи на капиталните расходи и се должи на зголемување на јавната потрошувачка. Зголемениот извоз е одраз на реализираните проекти на Владата на Република Македонија во делот на придобивање на се повеќе странски инвеститори кои што вложуваат во нашата држава. Со тоа имаме повеќе бенефити и во делот на зголемување на извозот, односно намалување на трговскиот дефицит и во делот на зголемувањето на бројот на вработените односно намалување на невработеноста кој е зголемен за 1,7% и во делот на зголемување на јавната потрошувачка која што директно влијае во зголемувањето на бруто домашниот производ. Исто така со активните политики на Владата на Република Македонија се зголеми и целокупното економско движење односно позитивниот тренд на растот на стопанството и на развојот на домашните компании, пред се преку стимулирачките мерки кои што Владата ги промовираше до нашите стопанственици  преку давање на евтини кредити и за развој на тие претпријатија преку активни политики за зголемување на бројот на вработените  во делот на намалување на нивните давачки како социјални трансфери итн.

Како што претходно истакнав трговскиот дефицит е надворешно трговската размена во 2014 година се зголемува за 12% како резултат на извозот на стоките и трговскиот дефицит во 2014 година изнесува 20,6% од проекцијата за раст за стоковната размена во странство од 13,3%. Странските директни инвестиции во 2014 изнесуваат 262 милиони

евра и се повисоки за 10 милиони евра односно за 4% во однос 2013 година. Бројот на вработени како што истакнав се зголеми за 1,7% и денес во Република Македонија имаме намалување на бројот на невработени на историско ниво би рекол. Ако ја земеме само 2005 година кога имавме над 38% од активното население во Република Македонија, ако беше невработено, денес 2014 година ја завршивме со некаде 28% на невработеност, додека во првиот квартал од 2015 година имаме дополнително таа бариера би рекол психолошка од 28%, ја намаливме под тоа, значи некаде 27,6% и се надеваме дека од година во година ако ја гледаме таа аплитуда бројот на невработени се намалува односно бројот на вработени во Република Македонија се зголемува што е од исклучително значање за граѓаните на Република Македонија бидејќи пред се од времето на транзицијата ова е рак рана на државата т.е невработеноста.

Исто така, би сакал да истакнам дека зголемени се социјалните трансфери, зголемени се износот на пензиите, зголемен износот на субвенциите за земјоделците и тоа е се она што Владата го вети и реализира кон овие категории на граѓани.

Во делот на капиталните инвестиции како никогаш до сега  Владата на Република Македонија вложува средства во изградба на капитални објекти особено во делот на инфраструктурата. Значи за прв пат во Република Македонија се градат три автопатишта кои што се од исклучително значење за развојот на стопанството и од интерес на граѓаните. се градат неколку експресни патишта, се градат две железнички пруги, едната кон Република Бугарија и кон Република Грција, се градат многу објекти во енерегетскиот сектор, далноводи, се градат нови училишта, медицински установи, детски градинки итн. Значи генерално е зголемен процентот на капитални инвестиции и ако се вратиме наназад во изминатите години ќе видиме дека од година во година Владата ги зголемува капиталните инвестиции односно ги намалува тековните расходи кои на крајот на краиштата не даваат дополнителна вредност и не се ефективни за самите граѓани и за државата.

Во делот на макроекономската политика ја сочувавме стабилниот курс на денарот, имаме исклучителон високо ниво на девизни резерви кои ја покриваат онаа петмесечна увозна зависност и изнесуваат на 2 милијарди евра. Јавниот долг на Република Македонија се движи сеуште во рамките на низок, односно умерен долг и ако го погледнеме тој сега во моментот изнесува околу 38% што не случај со земјите од соседството и со многу земји од Европа. За илустрација Република Македонија во 2014 година има 38% висина на јавниот долг, додека една Црна Гора има 58,4%, Хрватска има 80,9%, Србија 72,4% итн. Значи Република Македонија е една од најмалку задолжените земји на Балканот и во Европа. Тоа уште еднаш ја покажува намерата на Владата да се движи во оние рамки на висина на јавен долг кој што се дозволени со европски критериуми пред се со Мастришките критериуми.

Генерално гледано завршната сметка за 2014 година ни укажува дека Владата во изминатата година водела  исклучително ефикасна политика и исклучително ефикасни економски политики. Тоа се чувствува преку главните макроекономски, преку зголемувањето на капиталните инвестиции, се чувствува преку растот на бруто домашниот производ и растот на домашниот производ по глава на жител и тоа се чувствува преку зголемувањето на бројот на вработените. Оттука мислам дека треба како законодавен дом да ја прифатиме оваа завршна сметка за 2014 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Кузмановска Лилјана, повелете.

**Лилјана Кузмановска:** Благодарам почитуван претседател,

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Имено, денес пред пратениците е завршната сметка на буџетот за 2014 година и всушност завршната сметка реална ја рефлектира фискалната политика која се реализираше во изминатата година како и степенот на реализација на утврдените политики и мерки и тоа всушност е давање на еден приказ за управувањето со јавните финансии.

Мојата дискусија ќе ја насочам кон три аспекти, односно првиот дел на планираните и остварените макроекономски показатели за 2014 година за кои и самиот министер даде детален приказ. Меѓутоа второто ќе биде многу важно во делот на капиталните расходи и тоа во областа на образованието, патната инфраструктура, во делот на здравството и последно ќе дадам кратко приказ на делот на финансиските средства односно делот од подршката на Владата во мојата општина, односно проекти кои значат развој на општина Битола од каде што и јас доаѓам.

Реалниот раст на бруто домашниот производ во 2014 година изнесува 3,8% и се должи на растот на извозот и инвестициите и се разбира тоа се основните компоненти, извозот, инвестициите, како и потрошувачката кои детерминираат показателот односно на бруто домашниот производ, извозот и инвестициите се придвижени од активностите на капацитите во слободните економски зони, како и реализацијата на јавните инвестиции во инфраструктурата. Можам да кажам дека во овој дел имаме зголемен раст на надворешно трговската размена каде што имаме раст за 12% како и раст на извозот на стоки за 15,1%.

Трговскиот дефицит во 2014 година изнесува 20,6% од бруто домашниот производ, тоа блиску до проектираното, а дефицитот на тековната сметка изнесува 1,3% од бруто домашниот производ.

Странските директни инвестиции во 2014 година изнесуваат 262 милиони евра и се повисоки за 10 милиони евра односно 4% во однос на 2013 година. Тие учествуваат 3,1% од бруто домашниот производ и можам да кажам вложувањата односно издвоените парични средства од буџетот од 268 милиони денари во развојот односно уредувањето на технолошко индустриските развојни зони донесе позитивен ефект за поголеми вложувања, се разбира и со политиките на Владата со ниски даноци, со реформи кои се направени во делот на катастарот и сите други погодности за привлекување на странските директни инвестиции. Бројот на отворени нови работни места освен бројката од до сега остварените 11 илјади вработувања се очекува со зголемниот број на нови инвестиции кои се случија во 2015 година таа бројка да изнесува 14 илјади нови работни места. Така да, според анкетата на нова работна сила просечната стапка на невработеност се намали на 28%, така да сега веќе говОриме за ставка од намалување од 27,2% и бројот на вработените е зголемен за 1,7% во однос на 2013 година.

Фискалната политика во 2014 година се реализираше во рамките на планираните износи на буџетот односно реализација на приходи беше во согласност со очекуваните, а расходите се извршуваа редовно и навремено.

Во делот на остварувањето на приходите ќе дадам само приказ кратко дека се оствариja со 93,8% и тоа по основ вкупниот број на даночните приходи, социјалните придонеси за 88,6%, и тоа се однесува на 58,3% од даночните приходи, останатото од 30,3% е од придонесите.

Она што повеќе не интересира сите нас, а се разбира и граѓаните е тоа што во текот на 2014 година од Буџетот на Република Македонија се подмирија сите обврски поврзани со исплатата на пензиите, социјалните надоместоци, здравствените услуги, како и и дотациите до единиците на локалната самоуправа и највисокиот износ на субвенции за подршка на земјоделието. Би сакала да потенцирам дека со исплатата на февруарската пензија и социјалната помош од март 2014 година се реализира и зголемувањето на пензиите и социјалните надоместоци за 5% и се потврди заложбата на Владата за подобрување на животниот стандард на овие групи на граѓани. Имено, се обезбеди исплата на пензии на вкупно 290 илјади пензионери со просечна пензија од декември во износ од 12,484 денари.

Би сакала само на кратко да споредам дека тоа значи зголемување на 62% повеќе во однос на пензиите од 2006 година како исплата на паричен надоместок за невработеност на 12.800 илјади лица.

Во делот на капиталните расходи, тие изнесуваат 17 милијарди 623 милиони денари и бележат раст на 6% во однос на 2013 година и се однесуваат на повеќе инфраструктурни објекти, посебно интензивирање и реализација на проектот за доизградба на автопатот Коридор 10 Демир Капија - Смоквица, реконструкција и доизградба на железничката

инфраструктура. Како што најавив, би сакала подетално да ги посочам во делот на образованието, патната инфраструктура, како и во делот на здравството.

Имено, во делот на образованието имаме во Буџетот одвоени 928 милиони денари, односно потрошени согласно завршната сметка и во овој дел се завршени 33 основни и средни училишта. Имено, 9 средни училишта, 23 основни училишта и еден државен училиштен центар за образование и рехабилитација, тоа е „Партение Зографски", како и изградба на три целосно нови училишта. И тоа едното училиште во општина Шуто Оризари и две основни училишта во општина Могила, во село Српци и во општина Боговиње во село Синичане.

Имено, со Буџетот во 2014 година односно согласно податоците од завршната сметка всушност го следиме проектот на дореализација за изградба на 145 спортски сали, така да завршени се 10 спортски сали со средствата од Буџетот во 2014 година.

Во делот на патната инфраструктура заклучно со, само во 2014 година завршени и реконструирани се 62 локални патишта со должина од 140 километри и вкупна вредност од 575 милиони денари. Заклучно со 2014 година завршени се вкупно 360 локални патишта со 400 километри должина со вкупна вредност од 50,50 милиони евра.

Во делот на буџетските средства, понатаму во делот на патната инфраструктура е и рехабилитацијата на мостовите во Република Македонија, осветлувањето на клучките, имено, извршено е осветлување на 12 клучки и делници на државни патишта во вкупна вредност од 141,980 милиони денари.

Во делот на здравството со обезбедените средства во 2014 година се извршени следните активности: завршена е реконструкцијата и замена на прозорци во Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести - Скопје, завршена реконструкција на Специјалната болница Јасеново, Велес, реконструкција на Геронтолошки завод "13 Ноември" Скопје, завршена реконструкција на операциони сали во Општа болница Струмица, реконструкција на Психијатриска болница Бардовци, Здравствен дом Крива Паланка, универзитетски клиники на кардиологија Скопје.

Она што мене ми дозволува времето е и делот на образованието, здравството и патната инфраструктура во мојата општина, општина Битола, со обезбедени парични средства од Буџетот. Имено, завршени се 5 училишта, реконструкција, и едно ново училиште во Долно Српци. Извршена е изградба на детска градинка во село Долно Оризари. Во делот на здравството набавени се 4 нови возила за итна медицинска помош, понатаму, извршена е донабавка на опрема, односно на почетокот е набавена опрема од 6 милиони евра, меѓутоа во делот на 2014 година се направени и пуштени на едукација 18 доктори, 11 сестри на врвни клиники за доедукација. Во делот на интервентната кардиологија, магнетната резонанса, најсовремени 64 слајда и компјутер и акцелераторот.

Библиотеката во Битола доби нов простор од 500 метри квадратни, нова надградба со целосно ентериерно уредување, како и Зоолошката градина во делот на поддршка на Министерството за локална самоуправа, покрај Пелагонискиот регион и делегацијата на Европската Унија во вредност од 700 илјади евра.

Завршени се вкупно 38 километри улици, само во делот на 2014 година пет локални патишта. Благодарам.

**Трајко Велјаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, почитуван министер,

Сакам со неколку збора за ова време од десеттина минути да дадам и свој личен придонес во врска со разгледувањето на една вака важна точка на Дневниот ред, а тоа е Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2014 година.

Како и сите претходни години, еве повторно се гледаме оние кои што имаат прилика повеќе и долгорочно да го разгледуваат Буџетот на Република Македонија по години, ќе може да констатираат неколку важни работи, но пред д аги кажам тие мои согледувања,

само ќе напомнам некои уводни забелешки кои што се многу битни во целава оваа перцепција за реализација на Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија, а тоа се преку неколку важни точки што е она што сме го имале како предизвик во Буџетот кога се предлага и што е она што е реализирано денеска од оваа гледна точка во процесот на реализацијата на тој Буџет.

Еве, неколку само многу важни точки каде што може да се излечат повеќе заклучоци. Реалниот раст на бруто домашниот производ, кој што е проектиран на 3,7% а реализацијата му е 3,8%. Индустријата реален раст, проекцијата 5,1% а се реализирала 4,3%. Стапката на инфлација проектирана 1%, реализирана - 0,3%. Извозот на стоки проектирани 16,6%, реализирани 15,1%. Увоз на стоки, проекција 11,2% реализација 10,1%. Трговско салдо како процент од бруто домашниот производ тоа е 20,8% во проекции, реализација 20,6% во минусно, се разбира, салдо на тековна сметка како процент од бруто домашниот производ, проекцијата - 1,6% реализацијата - 1,3%. Бруто плата во номинален раст проекциите се 0,5% реален раст или реализација 1%. Вработеност, стапка на растот е 2,5% проектирана, реализирана 1,7%. Стапка на невработеност 28%, онолку колку што е проектирано.

Она што сакам да го кажам низ годините како што проаѓа, сите овие показатели што значат. Дали реално сме го проектирале Буџетот, тоа е една од точките која што се наметнува како прашање, дали фискалната стратегија или фискалната политика се води во реални рамки, дали таа помага во стимулот за развој на Република Македонија во областа на економијата и што е она што сме го проектирале низ текот на годините. Секако, сите овие завршни сметки кои што ги гледаме ни даваат за право да кажеме еден збор, а тоа е дека во рамките од 2008 година наваму со такви должнички кризи во светски рамки кои што не ги познава историјата, ние сме се одлучиле за еден пат каде што имаме реални резултати, конкретни, каде што сите економии покажуваат минусно салдо, значи, Република Македонија е еден од најеклатантните примери во кој што се укажува дека има еден од најголемите растови на бруто домашниот производ.

Исто така, многу често се слушаа критики зошто Република Македонија се задолжува и дека задолженост е поголема од нејзините можности да ги враќа долговите, што се покажа за една тотална неисправна теорија и ние сме една од земјите кои што ретко, ретко вложуваме во целиот овој период на криза во градење, инвестиции и со тоа помагаме многу стопански субјекти да преживеат. Тоа е основното мото и карактеристика и секако дека сите буџетари и сите оние кои што примаат приходи имаат право да бидат незадоволни, бидејќи се крати голем дел од приходите кои што ги очекуваат врз база на проекциите. Меѓутоа, стандардно, има и недоволно реализирано проекти, што значи дека тие некогаш и не се во можност се она што проектираат и да го реализираат. Министерот за финансии е тој кој што овој пазал на реализација на расходи и приходи е должен да склопи на тој начин Република Македонија да има позитивен тренд во економскиот развој.

Што значи тоа? Тоа значи дека имаме проекција на одржливо задолжување, дека долговите Република Македонија редовно ги сервисира, дека долговите ги зема за инвестиции и за развој. Често се критикуваше и инвестирањето во развојот на ТИРЗ-овите, меѓутоа, се покажа дека тие се едни од основните двигатели на развојот. Извозот е реално пораснат и ние се трудиме да го намалиме секоја година и тоа се покажува како реалност. Извозот расте секоја година на сметка на увозот кој што секоја година се намалува и тоа не е лесно да се направи една таква проекција и да се реализира. Гледаме дека 94% е реализацијата на Буџетот со оваа Завршна сметка. Не е лесно заради состојбите на светско ниво, сите економии си ги затвораат своите врати за надворешни стоки, ние треба да бидеме тие кои што ги пласираме тие стоки да не осети нашето стопанство или тоа да се одржи на едно ниво со кое што нема да ги затвораат стопанските субјекти своите претпријатија. Дали се успеа во тоа во однос на другите земји? Гледаме дека овие политики успеваат, и Меѓународниот монетарен фонд, и Светска Банка и сите останати релевантни институции, меѓународни, даваат за право дека економските политики се многу позитивни во Република Македонија во однос, ако сакате и на регионот, ако сакате и пошироко.

Тоа е пред се се должи на една многу прецизна фискална стратегија која што не се прави само за една година. Таа мора да биде одраз на стратегијата на повеќе години по ред за да може точно да се прецизира дека буџетскиот дефицит нема да ги надминува реалните рамки на ниска или средна задолженост на земјата.

Ова е редок пример каде што земја успева на ваков начин своите проекти и она што е проектирано во политиките да ги исполни. И затоа, за сите оние кои што мислат и критикуваат без да се има сенс за светските состојби, мислам дека со овие политики кои што ги води Министерството за финансии се покажаа за неточни. Во Република Македонија се гради интензивно и тоа е основата на движење на идниот развој, бидејќи сега ова што се вложува во инфраструктура, во земјоделие, во ТИРЗ, за создавање на новосоздадена вредност во рамките на нашите стопански претпријатија ќе се рефлектира после десет години,. Ова не е материја која што можеме да ја дефинираме на краток рок. Ова е, финансирањето на една земја е стратегија која што треба да биде обмислена и практично проектите кои што стојат позади говорат колку е тоа позитивна политика и што се оставаме зад себе. Другото е се во доменот на критизерство без основа. Во претходниот период, инвестициите, иако немаше никаква глобална светска криза, инвестициите беа така речено на нула, или многу малку.

Сега дозволете, значи, ако имаме во 2006 година еден податок околу 170 илјади пензионери, сега имаме над 200 илјади. Во услови ан светска криза да се обезбеди за тие пензионери, постоечките и новите пензионери, да се создаде доволно средства е виртуозност, бидејќи сите параметри кои што се на светско ниво укажуваат дека има стагнација во индустрискиот развој на земјите. Затоа велам дека оваа Завршна сметка е одраз на она што сме го планирале, и не дека се сите корисници задоволни од тоа колку средства им се дало, туку затоа што толку има средства и толку се можностите и капацитетите на оваа земја во вакви тешки услови да има за сите.

За жал, времето е кратко и навистина не можеме да говориме. Благодарам.

**Трајко Велјаноски:** Десет минути, толку е. За сите е толку.

Има збор госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван потпретседател на Влада, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

За жал, овој пат нема да можам да ја поддржам Завршната сметка на Буџетот за минатата година.

По сето она што го осознавме оваа година, веќе немам основа да можам да поддржам кога осознавме сите заедно за што се се трошеле граѓанските пари, надвор од приоритетите, надвор од логиката на она што е нужно и она што е соодветно во една состојба на економска криза. И, истовремено морам да му оддадам признание на министерот за финансии, господинот Ставрески и би рекла дека е волшебник во менаџирањето со средствата, затоа што во едни несоодветни приоритети, во несоодветни услови на работење, што исто така можевме да го слушнеме овие месеци, тој успеа да обезбеди раст на бруто домашниот производ во Македонија. Што ли ќе направеше во некои понормални услови со некоја друга околина и други приоритети кои би му биле дозволени да ги следи.

Меѓутоа, како и да е завршната сметка на Буџетот во никој не ќе можам да ја поддржам, иако би можела да кажам дека во Буџетот и во Завршната сметка има добри елементи, не може да се негира се, и би било едноставно, несоодветно да негирам нешто што го гледам. И сум поддржала и понатаму сметам дека е добро што се инвестираше во големи капитални проекти, пред се, инфраструктурни проекти. Тие се во интерес на економскиот развој на целата држава и тоа е добро. Но, дали се тие проекти договорени и изведени под најдобри услови, тоа не го знам. Повеќе има информации и сугестии дека и тоа доаѓа под знак прашање. Понатаму, добро е што е набавена медицинска опрема која што им требал ана нашите болници, но, повторно едно но, кој ќе работи со таа опрема кога имавме една празнина од специјализации, одреден број години. Нема доволен број специјалисти подготвени, спремни да работат со таа опрема. Значи, добро е што се опремија болниците со опрема, но, повторно но, каде се средства за загревање на болниците, каде се средства

за загревање на школите, за градинките, сите бевме сведоци минатата година дека многу институции се соочија со немање доволно средства. Зошто? Затоа што во стартот не биле определени како приоритет тие средства? Биле дадени како приоритет набавките за медицинска опрема, но не за елементарни трошоци за опстојување на институциите како што се болници, школи, градинки и други јавни установи. Така што, мислам дека целиот Буџет, сега гледано, отпосле, откако правиме пресек на сето она што било потрошено, ги гледаме бројките, но, и откако слушнавме и во детали како некои работи се договарале и како се насочувале средства, дефинитивно можеме да кажеме дека она што најмногу фали на нашиот Буџет, тоа е креирање приоритетна листа на потреби за државата, за јавниот сектор, за граѓаните. И, тоа е главната маана на овој Буџет и сходно на тоа и на Завршната сметка.

Очигледно дека ќе треба и мислам дека, еве, е добро да го искористам овој момент да дадам иницијатива да се смени законската регулатива за претставување на буџетските ставки, за да можат да бидат транспарентно видливи и достапни, и за пратениците, и за медиумите, и за целата јавност.

Тоа е една работа што ни фали на сите затоа што како пратеници добиваме Буџет пред себе, не сме сите стручни во таа област и често пати ние ги гледаме пакети на трошоци, пакети на приходи, пакети на расходи. Меѓутоа, ние всушност што гледаме, ние гледаме амбалажата на тие пакети на приходи и расходи, а не и деталната содржина на тие пакети. И на крај ни останува пред очи и ние дискутираме за амбалажата и машната, а не дискутираме за содржината на некои пакети. Дури отпосле со подлабока анализа на оние кои имаат пристап до одредени информации може индиректно преку друг извештај на посебни институции да се дознае како се распределувале средствата, од каде имало приходи, од каде расходи. така што мислам дека ќе ни треба промена на законската регулатива заради поголема транспарентност и поголема отчетност на било која влада во иднина што ќе дојде.

Инаку на крај само како една илустрација би сакала да кажам кога зборував за огромни средства што се ненаменски трошења, кои посебно паднаа во очи последниве месеци од редица информации што ги дознавме и преку бомбите на опозицијата но и со лично осознавање, значи се гледа дека огромно е трошењето посебно во споменици кои се набилдани со нереални, нелогични цени и имаше една споредба во медиумите која што можевме да ја прочитаме за еден споменик на Цар Самоил кој во Софија чинел 50 илјади евра, а кај нас над милион и кусур илјади евра. Тој споменик не можел да биде од злато и бесценети камења за да биде толку кратно поскап од тој другиот. Или на пример, сега се најавува исто така за над милион евра да се изгради споменик на Мајка Тереза кој што е според мене лично навредлив токму за делото и ликот на Мајка Тереза. Затоа што да се изгради гигантска празна глава на Мајка Тереза која би се издигнувала среде Скопје е апсолутно навредливо, тоа праќа сосем погрешна порака за нејзината мисија, за нејзиното дело, за нејзиниот лик. За сета нејзина духовна порака која што она ни ја остави. Мислам дека за тоа имаме време да размислиме и се надевам дека нема да се реализира таа идеа, меѓутоа бидејќи сега зборуваме за завршната сметка за Буџетот 2014 од сето она што го гледам, од сето она што го слушам и од сето она што го заклучив јас едноставно не можам да го поддржам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам.

Почитувана колешке, тоа е така кога после 10 години ќе отидете во опозиција и се што не сте кажале во десет години сега ќе кажете во десет минути што се недоволни. Прво мислам дека овој Буџет го изгласавте што примарно не ви дава за право да го коментирате сега трошењето бидејќи сте го изгласале веќе дека така треба да се троши. Ова е само одраз на бројки што се потрошило и како се потрошило тоа што сте го изгласале. И сега одеднаш вас не ви се допаѓа некој споменик, одеднаш не ви се допаѓаат средствата, па пакетче, само машната ја гледаме, такви небулози сега искажавте подобро да не се јавевте на говорница, бидејќи вие денеска бевте и обвинител и судија и ревизор и не знам

што во рок од десет минути. Значи, таква една рашомонијада на нафрлање на сите овие, како да ги кажам, ваши размислувања само го искажува не знам од каде собран бес кај вас без некои економски логики. Ако во минатото кога бевте пак во Парламентот, долго сте во Парламентот 20 години, немаше ниту машничка, ниту пакет, ниту тендер, ниту ревизија, ниту контроли какви што денес ги има, не знам со кое право сега кажувате кога извештаите на Европската унија сите овие поглавја ги квалификуваат како развој на Република Македонија во сите овие области. И доволно е да се осврнете на извештаите на меѓународниот монетарен фонд на Светска банка, на релевантните институции каде што го третираат прашањето за водењето на фискалната политика и доста е да кажеме дека пензионери имаат навреме пензија, дека им се зголемени 5%, сите социјални трансфери навреме, што не беше во минатото кај што немаше криза. Тоа што требаше да го кажете не го кажавте, се навраќате на некои работи кои што тука не им е местото апсолутно. Значи тоа што мислите дека Цар Самоил не треба да биде толку пари или волку пари дајте направете премери и пресметка од некоја друга фирма да видиме колкава е таа компарација издржлива. Иначе вие сега паушално така да кажувате за Скопје 2014 која што заврши, за Цар Самоил, не знам за некакви си трошења кои што покрај другото вие немате никакво право да го кажувате бидејќи тоа не е докажано. Затоа велам кога излегуваме на говорница треба да внимаваме што зборуваме. Не може вие да бидете судија и обвинител и истрага и се. За дела за кои што ги слушате од разговорите на Заев. Треба јасно да кажете, се приклонувате, верувате на тие работи, на тие циркуси што се изнесуваат или чекате судска разврска, да видиме како тоа се одвивало. За мене е ова второто многу поважно и пообјективно отколку така да си фрлаат неточни податоци.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Поповска Лилјана има контра реплика, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитувана колешке, немаше потреба од навреди, не сум молчела никогаш, секогаш сум си ги кажувала ставовите онака како што сум ги знаела. Сега ми се отворени ушите, она што сум го слушнала, што сум го проценила тоа го кажувам и така и го споделив. Инаку, само забелешка, не сум 20 години во Парламентот и само едно дообјаснување, половина од политичката кариера сум во позиција половина во опозиција, нормално како што е и од секоја ситуација се борам за она во што верувам. А признание за вештините на министерот ги кажав јавно и тоа сум го мислела и порано, го мислам и сега со таа разлика што порано сум мислела дека сите работи се во согласност со некои приоритети за разлика од сега што тоа не го мислам бидејќи има нови сознанија и затоа барам промена на законската регулатива за да може да се види потранспарентно секоја буџетска ставка што е во интерес на граѓаните.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Мукоски Крсто има реплика, повелете.

**Крсто Мукоски:** Благодарам.

Почитувана колешке Поповска, јас од една друга призма, вака со исклучителна почит кон вас како моја колешка и долги години сме заедно во Парламентот, би ве замолил да го преиспитате уште еднаш вашето мислење и вашата одлука при гласање за завршната сметка, бидејќи се работи за исклучително важен документ и треба така да се однесуваме кон Буџетот и завршната сметка и добро рековте не треба да човек да економиста од прости причини зошто ако го земеме Буџетот во едната рака и завршната сметка во другата рака како одраз на Буџетот од огледало и ако ви видиме основните параметри, она што е предвидено во Буџетот и она што е реализирано со завршната сметка треба на сите да ни биде јасно дали политиките во изминатата година Владата и на Министерство за финансии и на сите државни органи и капацитети успешно било спроведено или не било успешно спроведено. И на тој начин треба да донесеме одлука дали ќе гласаме позитивно или негативно. Со оглед на вашето искуство и на вашата сериозност како личност и како пратеник да донесете одлука да гласате против завршна сметка врз база на одредени шпекулации, на одредени лепени и долепувани и какви не разговори со кои што опозицијата излезе, мислам дека во најмала рака е несериозно. Значи од тие причини ве замолувам уште еднаш да го преиспитате вашето мислење бидејќи гласањето за

завршната сметка априори дополнително што вие сте гласале за овој Буџет и сега спротивно гласање за завршната сметка темелена на база на шпекулации не е добра работа. Единствено што се согласувам со вас е тоа дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ во континуитет секогаш имала добри економски политики и сме имале одлични министри за финансии. За министерот за финансии сегашен, ако до сега не можеле да ни се доближат опозицијата во делот на водење на економијата, сега се со светлосни години наназад. Зад нас. И од овие причини ако добро ги видите овие шпекулации лепени, долепувани, креирани, итн, разговори ќе видите кон кои министри најповеќе беа тие насочени за кого најповеќе се објавуваа. Од проста причина знаете и самите зошто, за да ги дискредитираат тие личности кои што се токму најуспешни во водењето на политиката на оваа Влада. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Поповска Лилјана има контра реплика, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван колега,

Јас ве почитувам навистина, вие имате секогаш издржани дискусии, меѓутоа знаете јас имам став кој што го изградив врз база на она што го слушнав и видов во изминатиов период. Дел и претходно, меѓутоа посебно во овие неколку месеци. Јас едноставно не можам надвор од она што го осознав. Осознав дека имало премногу ставки кои што не сме знаеле што содржат внатре во себе. И затоа велам нам ни треба поинаква законска регулатива за потранспарентно прикажување на Буџетот, затоа што како пратеници да не бидеме доведени во заблуда кога гласаме за некој буџет затоа што да не ја гледаме само амбалажата, туку да можеме да видиме што внатре има содржина. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Василевски Сашо има реплика, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам.

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Ќе дозволите накратко да и реплицирам на почитуваната колешка Лилјана Поповска. Би одел само во сегментот на здравството. Ме изненадува самата помисла за ваква реакција на бројни обвинувања за лоши проекции, промашени инвестиции, катастрофални состојби во одредени сектори особено го потенциравте тука здравството, но не можам да сфатам една работа затоа што колку што вие бевте дел од оваа коалиција и го поддржавте Буџетот и во јавните расправи дадовте позитивно гледање на нештата.

Ме изненадува уште повеќе што вие сте искусен политичар, веќе два, три мандати тука во Собранието и недозволиво е да се направат компарации од некои се бомби кои ги вади опозицијата од контекст. Ако зборуваме за бомби, еве јас ќе ви кажам како да го изразам тоа. Во тежината на бомби имаме за Охрид 40 мега тони на бомби. Во Охрид што се паднати. 40 милиони евра задолжена општина. Заглавена тотално финансиски. Тоа никој не го споменува. Пред само недела дена бевме етикетирани како раководство на најмодерната болница која ја имаме во моментов во регионот, дека имаме промашена инвестиција, дека немало греење, дека немало апаратура. Жалосно е што одредени новинари овие компарации ги прават од канцелариите што не дошле да видат за каков објект се работи. Најодговорно тврдам, најголем исчекор во однос на секторот на здравство има направено оваа Влада, ова Министерството за здравство и контролирано од Министерство за финансии. Викате дека инвестирано е во апарати, но нема кој на тие апарати да работи. Десетици лекари во моментов се на доедукација во реномирани светски центри, тој е процес на модернизација на здравството. Викате дека се наменети лошо средствата каде што болниците немале греење. Кажете во која болница немало греење. Еве јас ќе кажам за својата болница. Секогаш кога се прави буџет ние одиме на усогласување во Фондот за здравство и ги разгледуваме приоритетите за една болница.

Значи најодговорно тврдам, не е добро да се базираме на некои си бомби кои дневно опозицијата ги вади, се со една цел да ја сруши оваа држава по сите основи. Мислам дека не е коректно, вие самите знаете за каква болница во Охрид се работи и најодговорно тврдам дека ние имаме добро организиран здравствен систем. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Поповска Лилјана има контра реплика, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван докторе, зошто ве изненадува мојата дискусија.

Што кажав што не е точно. Кажав дека има опрема медицинска како никогаш до сега и тоа е она извонредното и доброто што е направено и никогаш не сум го оспорувала ниту може да се оспори, тоа се гледа. Меѓутоа кажав дека нема доволно специјалисти, па и вие самиот кажавте сега дека се на доедукација еден голем број лекари. Се чудите каде тоа нема греење. Па немаше во Прилеп, немаше во Штип, немаше во ред други болници, така што не зборувам јас напамет, тоа се работи што се случуваат. Значи, говорам дека имало еден погрешен приоритет на трошење на граѓанските средства. За некои работи сме создавале, сме дискутирале претходно но докрај ни се разјаснија последниве месеци. Простете меѓутоа беше премногу очигледно.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господонот Илиоски Зоран има реплика, повелете.

**Зоран Илиоски:** Благодарам.

Почитувани колеги, јас би сакал да и реплицирам на почитуваната колешка во еден дел од нејзиното излагање. Очигледно со начинот на кој излагаше некои работи во нејзиното излагање сака да внесе еден сомнеж, една дилема во начинот на носење на Буџетот на Република Македонија и прво би сакал да потсетам како долгогодишен пратеник има учествувано во носење на буџет уназад на неколку буџети во нашата држава и претпоставувам дека ако имала дилема како треба да се поставуваат приоритетите во извршување на Буџетот имала прилика до сега неколку пати да реагира. Исто така кога се носеше овој Буџет беше активно вклучена во носењето на Буџетот и со нејзиното гласање јасно и гласно кажаа дека Буџетот кој беше предложен од оваа Влада го поддржува и дека тој Буџет носи развој на ова наша држава.

Креирањето на оваа приоритетна листа на потреби кои што го искажа во нејзиното излагање е всушност тоа што ние го правиме во овие изминати години, значи како Влада и партија кој што одиме да ја добиеме поддршката од страна на граѓаните, ние ја преточуваме во програма, таа програма детално ја обработуваме пред изборите, ја предлагаме и ја прикажуваме пред граѓаните и што е уште подобро и позначајно ние даваме и оттчет за извршената програма. Значи приоритетите во извршувањето на буџетите веќе се предвидени и веќе прикажани во програмата со која што ние излегуваме на избори. Така што сеење на сомнеж и магла во тоа дека требало други приоритети, јас би ја упатил почитуваната колешка на идните избори, кога ќе учествува веројатно во друга коалиција или самостојно, нека припреми програма, нека ја достави до гласачите, па ако биде избрана, тогаш нека ги прави приоритетите на извршување на нејзиниот буџет. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Поповска Лилјана има контра реплика, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван колега, ние не се спремаме на следните избори што ќе бидат за одреден број месеци да се бориме за премиерско место, да подготвувам буџет, така што веројатно таа работа ќе ја има некоја друга партија.

Инаку, ДОМ излезе од коалицијата за да настапува самостојно и како самостоен субјект ќе ја промовира својата зелена програма. И токму за таа зелена програма не еднаш сум дискутирала и при носење на буџет и при завршни сметки, може да се види во стенограмите и забелешки сум давала за премалите средства што се одвојуваат и за животна средина и за наука и за иновации и за ред други работи. До душе последниве неколку месеци излегоа на дневен ред, меѓутоа очигледно е за вас не секој пратеник, не секој човек има вредност и последниве две години тоа посебно го покажавте. Едноставно не ги ни слушавте дискусиите што доаѓаа од страна и жалам поради тоа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика господинот Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам.

Дебатата е секогаш плодотворна, имаме можност да ги соочиме аргументите. Токму од фактот што госпоѓата Лилјана Поповска е долгогодишен пратеник во Собранието на Македонија очекував да ја познаваме целисходноста на оваа точка од дневниот ред. Денеска гласаме завршна сметка. Веројатно пропуштаме дека улогата на Собранието е да изврши контрола на трошењето на средствата од страна на извршните органи, врз база на Буџет што ние сме го изгласале. Значи тоа е целта на денешното гласање. Попатно внесуваме и политика, едните фалиме она што е направено, другите критикуваат она што не е направено. Во ред е тоа, но целисходноста на денешната точка на дневен ред е да кажеме, да, Владата на Република Македонија постапила според Буџетот што Собранието на Република Македонија пред година и повеќе го изгласа. Е сега, ако е таа целисходноста и целта на денешната точка, а знаејќи го фактот дека госпоѓата Лилјана Поповска гласала за овој Буџет, за да не гласа за оваа завршна сметка треба да каже дека не се придржувала Владата до Буџетот изгласан од моја страна. Ама таков елемент не видовме во дискусијата.

И тоа остава простор за пратениците, колегите од мојата пратеничка група да дебатираат со вас во смисла на кредибилитетот на вашите политички пораки, односно немањето на конзистентност, вие сте гласале за овој буџет, оваа завршна сметка е плод на овој буџет. А сега велите нема да гласам за завршната сметка, без да понудите суштински аргументи дека има прекршувања, нарушувања. или не  придружувања од страна на Владата до буџетот за кој што вие сте гласале. За тоа вашето гласање против, или најавата за гласање против јас го разбирам во духот на политика, но не и во духот на парламентаризмот. Односно, јакнењето на институциите и потребата ова Собрание понекогаш и да прескокне од дневната политика, што не е слабост само ваша, е генерална слабост на нашето општество. Но вие сте еден од оние пратеници кои што често знаете нели да ги советувате сите останати како припадници на поголемите политички партии, но тоа да не го применувате за вас.

Втора работа, во делот за здравството имавте дефинирано некоја дискусија, јас би сакал да ви кажам, дека да дупка со специјализации имаше, но веќе почнуваат првите специјалисти кои што добија дозвола од оваа Влада да специјализираат, а веројатно знаете дека една просечна специјализација, трае 5-6 години. Дупка се создаде госпоѓо Поповска во периодот од 2002 до 2006, во која што и вие дел бевте на власт во ова Собрание, кога не беше издадена ниту една специјализација, ниту една специјализација посебно во градот во кој што јас потекнувам. И втора работа Владата што направи, оваа година прати 1000 лица од медицинскиот персонал на обуки во странство. Знаеме за проблемот за кој што укажувате, но оваа Влада презема мерки во таа насока. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Поповска Лилјана има контра реплика, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван колега, точно да ги соочиме аргументите. Улогата на Собранието е како што кажавте да изврши контрола на трошењето на буџетските средства на даночните обврзници. Меѓутоа, токму тоа ми е мене проблем. Јас не можам во моментов да гласам, да тврдам дека се навистина наменски потрошени сите буџетски средства онака како што е прикажано во завршната сметка. Буџетот сме го гласале, надевајќи се дека ќе биде реализиран како што треба. Меѓутоа излегоа премногу скандали, премногу афери од тогаш кои што не се разјаснети судски, не е завршена постапката и јас во моментов не можам со мирна совест да гласам за оваа завршна сметка.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Цуклев Драган има реплика, повелете.

**Драган Цуклев:** Благодарам претседателе.

Колешке Поповска, една од основните причини за кои што велите дека нема да гласате за оваа завршна сметка, за тоа што не се согласувате со активностите  на кои им се дава приоритет во финансирањето.

Колешке Лилјана Поповска, активностите и политиките се планираат да се финансираат во буџетот. Денес на разгледување имаме завршната сметка, кажете конкретно што е содржано во буџетот како приоритет, како активност, како политика за финансирање, е изместено во текот на извршувањето на буџетот и во завршната сметка не е во согласност со она што е планирано и проектирано во буџетот. Бидете конкретни, без политички квалификации врз база на она што сте го виделе или не знам слушнале.

Понатаму, ако една или неколку установи во државава немаат греење или доцнат со испорака на одредена услуга, врз база на тоа вие не може да генерализирате дека во цела држава нема греење во болниците, или нема греење во градинките и не знам во кои други установи. Причините за недостаток на греење во ден, два, или повеќе може да бидат дефект, може да биде доцнење во спроведување на постапка за јавна набавка и ред други причини. Значи, не може врз база на неисплатена субвенција на одреден земјоделец заради грешки во апликацијата, или на одреден пензионер, неисплатена пензија за тоа што има извршно судско решение, да ги генерализирате дека никој во државата не зел пензија, дека никој на никој во државава не му се исплатени субвенции.Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Поповска Лилјана има контра реплика, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван колега,

Значи јас никогаш не зборувам црно бело и не кажувам дека се што било направено, не било направено не постои и дека се е црно.

Јас многу конкретно говорев. Ме прашувате што е изместено сега и зошто овој мој став. Изместена е перцепцијата на стварноста последниве месеци. Тоа е многу голема работа. И има ли поконкретна причина да не гласам од мојот сомнеж, дека наменски се потрошени средствата на даночните обврзници. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во 15,30 часот.

Благодарам.

**(По паузата)**

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Следен пријавен за збор и има збор господин Коџабашиев Ѓорѓи, повелете.

**Ѓорѓи Коџабашиев:** Благодарам.

Почитуван претседател на Собранието на Република Македонија, почитуван министер за финансии, почитувани колеги пратеници,

Кога дискутираме за Предлог завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2014 година мојата дискусија ќе ја започнам со констатацијата дека ако Буџетот е основен инструмент за спроведување на економските политики на Владата на Република Македонија тогаш резултатот од тие економски политики во нашата економија не можат да се мерат според тоа што мислат односно како ја перцепираат завршната сметка пратениците од опозицијата или пратениците од власта, напротив се мерат овие економски резултати според светски прифатените економски критериуми како што е БДП, вработувањето, бруто инвестициите, странските директни инвестиции, итн. Од тој аспект во мојата дискусија јас ќе се осврнам на овие економски параметри.

Македонската економија во 2014 година во првата половина на 2014 година оствари подобри резултати од очекуваното и тоа е секако резултат на политиките на Владата за привлекување на странски инвестиции кои се носител на економскиот раст и буџетската поддршка на капиталните инвестиции и инфраструктурните проекти. БДП во првиот квартал во 2014 година оствари стапка од 3,9% и тоа како резултат на порастот на градежништвото од 13,7%, индустриско производство со раст од 4,5%, преработувачката индустрија од 10,3%, услужните дејности од 2,9% и земјоделството кој бележи раст од 1,6%. Првата година од 2014 година извозот на македонските стоки и услуги е зголемен за

13,2%, додека увозот се зголеми за 6,8%. Реалниот раст на БДП за 2014 година изнесува 3,8% и истиот се должи на растот на извозот и инвестициите како резултат на активноста на капацитетите во слободните економски индустриски зони и реализација на јавните инвестиции во инфраструктурата односно преку капиталните расходи од Буџетот на Република Македонија.

Јас ја поздравував и изминатите години ги поздравувам економските политики на Владата на Република Македонија, ја поздравував економската политика односно Буџетот на Република Македонија за 2014 година поаѓајќи од идејата на Владата да се излезе во пресрет на потенцијалните инвеститори со цел да се реши најгорливиот проблем во Република Македонија а тоа е намалување на невработеноста. Некој ќе запраша зошто невработеноста е најгорлив проблем во Република Македонија, за да одговориме на тоа мораме да ги погледнеме статистичките податоци и да констатираме дека убедливо највисоки стапки на невработеност во нашата држава се регистрирани во 2003, 2004 и 2005 година и тоа од 36,7%, 37,2% и 37.3% невработеност што е за 10% повеќе од износот на моменталната стапка на невработеност. За 8 години невработеноста се намалила за над 8% од 36% на крајот на 2006 година стапката на невработеност во 2014 година се спушти на 27,6% што е историски најниско ниво. Статистиката регистрира континуирано намалување на невработеноста, а интересно е што во текот на светската економска и европската должничка криза додека во Европа и светот се зголемуваше невработеноста, во Република Македонија продолжи тенденцијата на намалување на невработеноста. Според последните податоци на Државниот завод за статистика во последниот квартал за 2014 година без работа биле 256.370 лица, а стапката на невработеност се намалила за 27,6%. Ако запрашаме какво е влијанието на странските инвестиции односно на технолошко индустриските развојни зони врз економијата на намалувањето на невработеноста, ќе констатираме дека според последните податоци Дирекцијата за технолошко индустриските развојни зони извозот на компаниите во зоните е зголемен за 28% во првите три месеци од годинава. Вкупната вредност на производите кои завршиле во странство надминува 325 милиони евра, 2014 година имаше рекорден извоз од 1.170.000.000 евра односно извозот во зоните во 2014 година е за 52% повеќе во однос на 2013 година, а според проценките на среден рок треба да се очекува извоз од околу 2 милијарди евра. Или во споредба со вкупниот извоз од технолошко индустриските развојни зони во вкупниот извоз во Македонија учествуваше со 31%. Покриеноста на увозот со извозот во изминатите 3 - 4 години постојано се зголемува, но значајно да се истакне дека се зголемува и соработката со странските односно со домашните компании. Се поголем е бројот на домашни компании кои работат како добавувачи. Во моментов околу 500 домашни фирми соработуваат со странските инвеститори и тоа не само како добавувачи на компненти и материјали туку и за изработка на дел од опремата на овие компании и тоа е индиректен поттик за нови работни места. Во производ во извозот најголемо е учеството на катализаторите на носачи на благородни метали или нивните соединенија фероникелот сетови на продавници за палење и слично, за возила, авиони, бродови, итн. А во увозот најмногу се застапени нафтените масла и маслата добиени бетоменовите минерали освен суровите, платината и легури на платина, необработени или во прав, електрична енергија и друго.

Периодот 2007-2014 година економските политики, активните мерки на Владата за вработување овозможија вработување од околу 130 илјади невработени лица. Од досегашниот период во Македонија од странските капацитети се вработени преку 11 илјади работници, од 2015 година се очекуваат уште нови 25 странски компании да донесат и објават одлука за градба на капацитети во Македонија со над 13 илјади нови работни места. Бројот на вработените во 2014 година е зголемен за 1,7% во однос на 2013 година а со тоа просечната стапка на вработените достигна 41,2% во 2014 година. Во рамки на вкупните приходи на Буџетот на Република Македонија 88,6% се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси или 58,3% се од даночни приходи и 30,3% од придонеси. Капиталните расходи во 2014 година во однос на 2013 година покажуваат раст од 6% итн.

Поради овие добри економски параметри за 2014 година, тоа е всушност и причината која ја давам поддршката за Предлог завршната сметка на Буџетот на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Грчева Солза има реплика, повелете.

**Солза Грчева:** Благодарам.

Почитуван претседателе, јас не го гласав Буџетот, односно гласав против кога се носеше Буџетот, така да со полно право ќе гласам и против завршната сметка бидејќи сметам дека Буџетот уште тогаш кога беше скорен беше за искрена една популистичка мерка, без развојна компонента, а и ова денес што го гледам во вид на извештај анализирајќи го внатре ќе видите на приходната страна дека 30% се задолжувања од странски и домашни извори, ќе видите дека поставените цели кои што напред ги поставила Владата на пример развој на образованието и јакнење на правната држава не се имплементирани, значи тука е потфрлено, не се потрошени парите кои што требало да бидат потрошени и ред други недоследности. Значи, со полно право бидејќи не го гласав тогаш Буџетот нема да го гласам и сега. Мене не ми треба бомби да ја осознам вистината во која живеам веќе многу долго време. Не ми требаше некој да ми каже дека трошиме за чоколадо а луѓето немаат леб. Тоа е евидентно е на секој чекор, тоа се оние импесилни бетонски галии со кој што се наполни реката Вардар чие корито едвај се регулираше во минатото, тоа се кубињата бакарни, тоа се фасади кои што популарно се наречени барокни, а припаѓаат на наш автентичен стил, бидејќи не е ни барок, значи за се се фрла пари. Не можам да кажам дека воопшто не ми е интересна реализацијата на Буџет кој што беше накриво насаден уште тогаш кога се гласаше. Само сум задоволна што уште тогаш ги воочив сите аномалии во тој Буџет и не го гласав. Така нема да ја гласам сега ни завршната сметка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господин Коџабашиев Ѓорѓи има контра реплика, повелете.

**Ѓорѓи Коџабашиев:** Благодарам.

Почитувана колешке, вие не сте можеле да го гласате Буџетот, затоа што не бевте тогаш пратеник во Собранието на Република Македонија, меѓутоа за пратениците од власта посебно за Владата при носењето на Буџетот е многу битно да преку тој буџет се реализира изборната програма на партијата на ВМРО-ДПМНЕ со коалицијата. Таа изборна програма преточена во владина програма, таа изборна програма ние ја добивме поддршката на изборите во 2014 година, знаете дека со разлика од 200 илјади гласа граѓаните повеќе ја дадоа поддршката на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата токму за реализација на владината програма. Дел од таа владина програма е содржана во Буџетот за 2014 година и резултатите од тие економски политики ја кажав не е прашање како вие го толкувате, како јас, туку оние економски параметри кои укажуваат и односно кои им даваат признание и светски економски реномирани институции. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општиот претрес по Предлогот на завршната сметка е завршен.

Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело не поднесе дополнет предлог на завршната сметка бидејќи на нејзината седница не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на завршна сметка.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на завршна сметка на кој може да се поднесуваат амандмани на седницата на Собранието преминуваме на одлучување по Предлогот на завршната сметка во целина.

Предлогот на завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2014 година во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Благодарам.

Вкупно гласаа 64 пратеници. Од нив за Предлогот на завршната сметка гласаа 62, нема воздржани, против 2.

Констатирам дека Собранието ја донесе завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2014 година.